Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Фондација Македонија презент - Скопје

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 4030998347565

Седиште и адреса (улица, број, општина): Костурски херои 35

Застапник: проф.д-р Христо Петрески

Веб страница: www.macedoniapresent.mk

Електронска пошта (e-mail): info@macedoniapresent.mk

Телефонски број за контакт: 3137047;

Лице за контакт: Христо Петрески, 070603388, feniksmk@hotmail.com

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија
## за 2021 година

**Наслов на иницијативата:** Културно-информативен центар за деца со посебни потреби

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија) Оваа иницијатива е за поддршка, инклузија и рамноправност на децата со посебни потреби, преку активности и содржини на културен и информативен план

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија) Децата со посебни потреби за да не бидат и во иднина маргинализирани и исклучени, планирани се следниве активности:

1. Организирање манифестација Фестивал на радоста, каде се планира да учествуваат децата со посебни потреби заедно со децата кои немаат проблеми и потешкотии и тоа во следниве категории: литература, сликарство, музика, пиеси, рецитации;

2. Издавачка дејност со објавување книги, публикации, списание за култура и уметност и други изданија за децата со посебни потреби, но и од децата со посебни потреби, нивните воспитувачи, наставници и родителите;
3. Видео и аудио материјали наменети за децата со посебни потреби;
4. Поткасти и интернет сајтови наменети за децата со посебни потреби;
5. Работилници, семинари и стручни собири поврзани со децата со посебни потреби.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Овој проект, Фондацијата Македонија презент ќе го реализира со помош и на: Здружението за деца со посебни потреби Интеракција плус, Издавачката куќа Феникс и Институтот за наука, алтернатива, култура и уметност од Скопје.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Оваа иницијатива е актуелна и неопходна, бидејќи се поголем бројот на деца со посебни потреби кои се изолирани и маргинализирани, па не треба да се губи време и во иднина да бидат препуштени главно на самите себеси, туку преку еден заеднички Културно-информативен центар да се информираат, организираат и едуцираат.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Очекуваните влијанија се големи, односно на почетокот ќе се направи сондажа и истражување за конкретните интересирања на децата со посебни потреби (лично со нив, но и преку нивните родители, воспитувачи и наставници) на информативен и културен план, а потоа во активностите ќе се вклучат и самите деца со посебни потреби преку манифестации, информации и други и слични програми и активности.

Културно-информативниот центар за децата со посебни потреби ќе биде наменет за децата со посебни потреби од градот Скопје и целата Република.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

За реализација на оваа иницијатива на годишно ниво нема да бидат потребни повеќе од 900.000 денари – средства наменети за опремување на просторот, техничка опрема и надоместок за ангажираното лице.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Автор на оваа иницијатива и документов што Ви го испраќаме е проф.д-р Христо Петрески

Потпис на застапникот

16.9. 2020 година

--------------------------------

Фондација за културна и научна афирмација и презентација „Македонија Презент" Скопје

М.П.